Врз основа на членот 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12. 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2024 година

## I. ВОВЕД

Урбанистичкото планирање е континуиран процес кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови и урбанистички проекти, со цел да се обезбеди рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери, одржлив просторен развој, унапредување на животната средина и природата, заштита на недвижното културно наследство.

Согледувајки ги насоките за развој на општината, и потребите на правни и физички лица, а со цел овозможување на градби и комплекси на подрачјето на Општина Кочани согласно законската регулатива, се изработува годишна програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти.

## II. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Урбанистички план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за групи на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби од локално значење, кои се наоѓаат вон од населено место, односно кои не се опфатени со генерален урбанистички план, ниту со урбанистички план за село.

Во Програмата дополнително можат да се вградат локалитети за изработка на урбанистички планови вон населено место према програмските барања на општината, и локалитети на кои ќе можат да бидат реализирани барања на заинтересирани физички и правни лица, прифатливи за општината.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на комплекси и градби вон од градовите и селата.

III. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

Урбанистички план за село е урбанистички план кој се донесува за подрачје на населено место – село, утврдено со закон.

Во Програмата дополнително ќе се вградат села за изработка на урбанистички планови за село согласно новонастанатите потреби на општината.

| III. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Урбанистички план за село Прибачево, Мојанци, Грдовци, Горни Подлог, Долни Подлог, Оризари, Тркање , Бели – разработка по блокови | Површината е во зависност од блоковите кои ќе се изработуваат и нивната површина | Буџет на Општина |
| 2. | Урбанистички план за село Мојанци – Разработка на Блок 12 | П = 2.8 ха | Буџет на општина |
| 3. | Урбанистички план за село Прибачево – Разработка на Блок 1 | П = 7.59 ха | Буџет на општина |

IV. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАД КОЧАНИ

Детален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за плански опфат за кој е донесен Генерален урбанистички план.

Деталните урбанистички планови ќе се изработуваат за градски четврти дефинирани со ГУП за град Кочани

| В./ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Детален урбанистички план за ГЧ 1 | 31,35 ха | Буџет на Општина |
| 2. | Детален урбанистички план за ГЧ 3 | 74,60 ха | Буџет на Општина |
| 3. | Детален урбанистички план за ГЧ 4 | 46,80 ха | Буџет на Општина |
| 4. | Детален урбанистички план за ГЧ 7 | 115,05 ха | Буџет на Општина |
| 5. | Детален урбанистички план за ГЧ 8 | 41,38 ха | Буџет на Општина |
| 6. | Детален урбанистички план за ГЧ10 | 21,09 ха | Буџет на Општина |
| 7. | Детален урбанистички план за ГЧ 11 | 35,95 ха | Буџет на Општина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Детален урбанистички план за ГЧ 12 | 49,86 ха | Буџет на Општина |
| 9. | Детален урбанистички план за ГЧ 15 | 45,24 ха | Буџет на Општина |
| 10. | Детален урбанистички план за ГЧ 18 | 22,33 ха | Буџет на Општина |
| 11. | Детален урбанистички план за ГЧ 19 | 31,17 ха | Буџет на Општина |

## VI. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Урбанистички проект е планско – проектна документација што се изработува врз основа на урбанистички планови и служи за нивна разработка и спроведување.

| VI. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ | | |
|---|---|---|
| 1. | Урбанистички проект за парцелирано земјиште | Буџет на општина и физички и правни лица |
| 2. | Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба | |
| 3. | Урбанистички проект за инфраструктура | |
| 4. | Урбанистички проект за разработка на градежни или катастарски парцели | |
| 5. | Урбанистички проект за разработка на урбанистички план за село | |
| 6. | Урбанистички проект за вон населени места и вон опфат на урбанистички план | |
| 7. | Урбанистички проект со план за парцелација | |

## VII. ПЛАНОВИ ВО ПОСТАПКА

Започнатите урбанистички планови се дадени табеларно по вид на урбанистичка документација

| | | |
|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА | | |
| 1 | Урбанистички план за село Бели | донација |
| УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО | | |
| 1 | УПВНМ за викенд населба и хотелско угостителски објекти КО Лешки и КО Пашаџиково, Општина Кочани | Буџет на Општина |
| 2 | УПВНМ за хотелски комплекс, спорт и рекреација КО Полаки, Општина Кочани | Буџет на Општина |
| 3 | УПВНМ за изменување и дополнување на УПВНМ за Стопански комплекс за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски прозиводи, локалитет м.в "Ќерамидница" КО Кочани, за Блок 1, Општина Кочани | самофинансирање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ | | | |
| 1 | ДУП за Градска четврт 17 |  | Буџет на Општина<br>П= 46,43 ха |
| 2 | ДУП за Градска четврт 6 |  | Буџет на Општина<br>П= 121,35 ха |
| 3 | ДУП за Градска четврт 5 |  | Буџет на Општина<br>П=81,32 ха |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | ДУП за Градска четврт 14 |  | Буџет на општина<br>П=40,21 |
| 5 | ДУП за Градска четврт 13 |  | Буџет на Општина<br>П= 69,12 ха |
| 6 | ДУП за Градска четврт 2 |  | Буџет на Република<br>Северна Македонија<br>П= 87,20 ха |

II

Изработката на урбанистичките планови од програмата се финансираат од буџетот на општината и од заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

Реализацијата на плановите од Програмата ќе зависи од обезбедените финансиски средства од страна на општината и од заинтересираните правни и физички лица.

Средствата за изработка на урбанистички планови за 2024 год. изнесуваат 5.000.000,00 денари.

Програмата може да се дополнува согласно планираните активности и настанатите потреби, како и позитивно одговорените барања на заинтересирани физички и правни лица.

VIII

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-2211/1 Претседател

15.12.2023 година на Советот на Општина Кочани,

К о ч а н и Лазо Митев